Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-8880 ЗА КП 80, 81/4 И 969/1 КО ИДРИЗОВО**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-8880 за КП 80, 81/4 и 969/1 КО Идризово, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/17**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-8880 ЗА КП 80, 81/4 И 969/1 КО ИДРИЗОВО

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење зграда со УП1 бр.28-8880 од 22.08.2011 година од страна на **Славе Наумовски** од Скопје, а се однесува на зграда бр.1 со намена А1-семејна куќа, и зграда бр.3 со намена А1-семејна куќа и Г-гаража кои се наоѓаат на КП 80, 81/4 и 969/1 КО Идризово ул."2" бр.210а Идризово Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планираната намена Г2, Г3 и Г4 (лесна незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта), во урбанистичко-планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

Бесправните објекти се изградени на земјиште на кое е планирана намена Г2, Г3 и Г4 (лесна незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта), предвидено со Општиот акт за с.Идризово донесен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.09-2613/7 од 10.07.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.9/15).

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградените објекти.

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од став (1) од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5171/18**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-4740 ЗА КП 117/1 КО ИДРИЗОВО**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-4740 за КП 117/1 КО Идризово, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/18**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-4740 ЗА КП 117/1 КО ИДРИЗОВО**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење зграда со УП1 бр.28-4740 од 15.07.2011 година од страна на **Јасминка Велковска** од Скопје, а се однесува на зграда бр.1 и зграда бр.3 со намена А1-семејна куќа кои се наоѓаат на КП 117/1, КО Идризово ул."3" бр.271 Идризово Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планираната намена М - Мешана наменска зона (Б+В) - комерцијални и деловни намени; јавни институции во урбанистичко-планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

Бесправните објекти се изградени на земјиште на кое е планирана намена М - Мешана наменска зона (Б+В) - комерцијални и деловни намени; јавни институции предвидено со Општиот акт за с.Идризово донесен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.09-2613/7 од 10.07.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.9/15).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградените објекти.

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од став (1) од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5171/19**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/19**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.02-153/3 од 02.11.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.02-153/3 од 02.11.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5171/20**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/20**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.02-153/4 од 02.11.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.02-153/4 од 02.11.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5171/21**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/21**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Со оваа програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Гази Баба, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа програма.

Во програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредување и динамика на извршување на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа програма која ќе трае во тек на 2019 година се очекува да се постигне повисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Гази Баба, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување, а намалување на сиромаштијата.

## 1. Рамка на проектот

### 1.1.Основа

1.1.1. Општ контекст

Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на Оопштината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност за вработување на долгорочно евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години). Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

1.1.2. Вклучени организации

Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Гази Баба, а нејзини партнери ќе бидат ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кое е одговорно за руралниот дел на општината и градските јавни претпријатија "Паркови и зеленило" и "Комунална хигиена" кои го третираат урбаниот дел на општината.

Овие три јавни претпријатија ќе учествуваат со логистичка подршка на сите активности поврзани со оваа програма.

1.2.1. Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми во одделението за комуникација со граѓаните на Општина Гази Баба, оваа програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршување на јавните работи во општината.

Во Општина Гази Баба јавните зелени површини и другите јавни површини често се предмет на деструкција од страна на несовесното население, но и од недоволно развиена свест за јавна чистота кај населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота како и за одржување и обновување на зелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.

Затоа се наметнува потреба за дополнително ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена и јавните зелени површини.

1.2.2. Релевантни активности

Од изминатиот период би можеле да ги издвоиме проектите кои ги третираа тековните проблеми со невработеноста, ставајќи акцент на младото работноспособно население до 35 години, главно со високо и средно образование. Од успешното спроведување на тие проекти изградивме и човечки и технички капацитет во создавањето на претпоставки за поврзување на големата армија на невработени лица со постојната деловна заедница на Општина Гази Баба, а во функција на остварување на взаемните интереси на сите чинители во тој процес -централната власт, локалната самоуправа, деловната заедница и секако големиот број на невработени лица - создавање на одржлива локална економија со крајна цел на намалување на висока стапка на невработени лица во Општина Гази Баба.

Со оваа програма ја прошируваме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица.На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реинтегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 120 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот на цела 2019 година, ќе оствариме неколку цели:

- **Прво**, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила,

- **Второ**, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот на работниот процес, да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање,

- **Трето**, на овој начин ќе обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота кои се се почесто предмет на деструктивно однесување на одредени несовесни жители,

- **Четврто**, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето. Во таа смисла сметаме дека оваа програма ќе понуди и финансиска и институционална одржливост на долгорочна основа.

## 2. Опис на програмата

2.1. Цели на програмата

2.1.1. Општа цел

- Да се обезбеди времено решение за хронично невработени и социјално загрозени лица со цел намалување на социјалните тензии и раздвижување на пазарот на работна сила;
- Да се обезбедат со соодветно работно искуство долгорочно невработените и социјално загрозени лица со цел нивна реинтеграција на пазарот на работна сила;
- Континуирано одржување на јавнато зеленило кое се почесто е предмет на деструкција од страна на несовесното население;
- Континуирано разубавување на зелените површини, одржување на комунална чистота и подигнување на свеста на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето.

2.1.2. Цел на програмата

Креирање на **120** работни места во текот на цела 2019 година.

2.2. Целна група

Долгорочно невработени лица од Општина Гази Баба евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2.3. Активност

Главни активности

- расчистување на јавното зеленило од цврст одпад;
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките;
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови,блоковско зеленило, зеленило долж улиците);
- полевање на јавното зеленило;
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите, велосипедски патеки);
- одржување на детските игралишта;
- одржување на плоштадите;
- уредување и чување на парковите;
- ископување и чистење на каналите во општината.

2.4. *План на спроведување*

2.4.1. Тековно одржување на археолошкото наоѓалиште "Тумба Маџари".

Археолошкото наоѓалиште "Тумба Маџари" од младото камено време (неолит) укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.

Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена,кои во современото живеење на општината стануваат дел од идентитет и симболите на општината.

Поради непроценливото културно и историско богатство на овој локалитет потребно е негово тековно одржување. За таа цел ќе бидат ангажирани 2 работника.

2.4.2. Одржување на јавна чистота и зелените површини на Општина Гази Баба

Бидејќи јавната чистота на територијата на општината континуирано се нарушува од страна на несовесното население,се укажува потреба и од континуирани активности за нејзино одржување.

За таа цел ќе бидат ангажирани **120** работници кои ќе бидат распоредени на целата територија на општината.

2.4.3. Времетраење на програмата

Оваа Програма ќе трае во текот на целата 2019 година.

*Алат и прибор*

Со оглед на тоа што општината како и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје како нејзин партнер, веќе располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ќе бидат искористени за реализација на оваа програма.

*Опрема за безбедност при работа*

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност, ќе бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за заштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедносни средства, ќе се изврши при обука на работниците за користење на потребните алати и машини.

2.4.4. Финансиска конструкција за реализација на програмата.

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1Од програмата(за косачи) | 12 | 20 | 16 000 | 3 840 000 |
| 1.1.1 Персонален данок | 12 | 20 | 1 778 | 426 720 |
| 1.2 Од програмата за (метлачи) | 12 | 100 | 12 000 | 14 400 000 |
| 1.2.1 Персонален данок | 12 | 100 | 1 334 | 1 600 800 |
| 1.3 Осигурување од професионално заболување | 12 | 120 | 682 | 982 080 |
| 1.4 ХТЗ опрема | | | | |
| 1.4.1 ХТЗ кондури | | 120 | 1000 | 120 000 |
| 1.4.2 дводелно одело | | 120 | 2000 | 240 000 |
| 1.4.3 маици*2 | | 2*120 | 200 | 48 000 |
| 1.4.4 капче | | 120 | 240 | 28 800 |
| 1.4.5 заштитни наочари | | 20 | 500 | 10 000 |
| | | | | |
| **Вкупно:** | | | | **21.696.400** |

2.4.5. Надзор при реализирање на програмата

Надзорот при спроведување на оваа програма ќе врши лице овластено од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

**Број 09-5171/22**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 21.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5346/22**
**од 23.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2018 година, Советот на Општина Гази Баба на Седумнаесеттата седница одржана на ден 21.11.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5171/23**
**од 21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Благе Данев, с.р.**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км$^2$ од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км$^2$ обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Цршево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината.

**Скопје - Општина Гази Баба**



## 1.ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2018 година, се остварени во вкупен износ од **523.474.359,00** денари или **41,26%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2017 година, во износ од **1.268.745.000** денари, кои се за **6,27%** со пониско остварување во однос на истиот период во 2017 година. Планираните приходи во Буџетот за 2018 година, остварените приходи за периодот јануари-септември 2018 година и реализираните приходи за периодот јануари-септември 2017 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2018 година | III - Кватрал 2017 година | III - Кватрал 2018 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 533.545.000 | 152.558.557 | 161.807.088 | 30,33% | 106,06% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 7.510.000 | 2.655.270 | 9.418.071 | 125,41% | 354,69% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 136.600.000 | 9.893.520 | 24.552.548 | 17,97% | 248,17% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 94.910.000 | 98.371.623 | 28.241.499 | 29,76% | 28,71% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 772.565.000 | 263.478.970 | 224.019.206 | 29,00% | 85,02% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 388.000.000 | 260.362.497 | 273.360.807 | 70,45% | 104,99% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 16.180.000 | 14.786.058 | 4.062.834 | 25,11% | 27,48% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 45.000.000 | 19.867.267 | 22.031.512 | 48,96% | 110,89% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 47.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 1.268.745.000 | 558.494.792 | 523.474.359 | 41,26% | 93,73% |

Извор: Општина Гази Баба

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **224.019.206,00** денари, или **29,00%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2018 година, кои изнесуваат 772.565.000,00 денари.

Кај **Приходи од донации** имаме остварување во износ од **4.062.834,00** денари или **25,11%** во однос на планот кој изнесува 16.180.000,00 денари и преставуваат, во најголем дел, искористено салдо за покривање на расходите за санација на штетите кои настанаа од поплавите во 2016 година како и приходи од проекти кои ги спроведуваат училиштата и градинките во овој квартал.

**Приходите од блок дотациите,** од кои се финансираат основните училишта и детските градинки на територија на Општината, се остварени во износ од **273.360.807,00** денари, или **70,45%** во однос на планираните во Буџетот за 2018 година, кои изнесуваат 388.000.000,00 денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, се остварени во износ од **22.031.512,00** денари или **48,96%** во однос на планираните во Буџетот за 2018 година кои изнесуваат 47.000.000,00 денари и

Кај **Приливите од кредити,** не бележиме остварување во третиот квартал за 2018 година.

Споредено со истиот периодот јануари-септември 2017 година, кај **вкупните приходи** се бележи пониско остварување за **6,27%,** а тоа се должи поради намалувањето остварено кај следните приходи и тоа:

– Приходите на Основниот буџет бележат намалување од **24,92%,**

– Приходите од Донации бележат намалување од **72,52%**, кои што во најголем дел се резултат на преостанатото салдо на средствата кои општината ги доби на посебната донаторска сметка за помош на настраданите подрачја од настанатата елементарна непогода од 2016 година и

– Приливите од кредити во овој квартал воопшто не бележат реализација**,**

Поголемо остварување во овој квартал имаме кај следните приходи и тоа:

– Приходите од Блок дотациите за финансирање на основните училишта и детските градинки бележат зголемување од **4,99%**,

– Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки бележат зголемување од **10,89%.**

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-септември 2018 година, и нивна споредба со планираните приходи во Буџетот за 2018 година, класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Извор: Општина Гази Баба




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2018 година, година по ставки и подставки, и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2018 година, и со остварените приходи за истиот период во 2017 година, е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2018 година | III - Кватрал 2017 година | III - Кватрал 2018 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.268.745.000** | **558.494.792** | **523.474.359** | **41,26%** | **23,73%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **772.565.000** | **263.478.970** | **224.019.206** | **29,00%** | **85,02%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **533.545.000** | **152.558.557** | **161.807.088** | **30,33%** | **106,06%** |
| 1 | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **18.850.000** | **11.158.993** | **11.785.321** | **62,52%** | **105,61%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лива корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 4.700.000 | 2.578.566 | 2.635.580 | 56,08% | 102,21% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 12.640.000 | 7.930.383 | 8.405.356 | 66,50% | 105,99% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 100.000 | 27.784 | 113.413 | 113,41% | 408,20% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 1.000.000 | 412.687 | 417.601 | 41,76% | 101,19% |
| | 711139 | ДДанок на доход на приходи ид занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 400.000 | 210.535 | 213.025 | 53,26% | 101,18% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | -962 | 346 | 3,46% | 0,00% |
| 2 | **713** | **Даноци на имот** | **99.150.000** | **62.859.917** | **63.596.670** | **64,14%** | **101,17%** |
| | 713111 | Данок на имот | 17.550.000 | 15.043.337 | 13.716.826 | 78,16% | 91,18% |
| | 713112 | Повисока стапка на данок на имот | 13.600.000 | 12.583.834 | 9.448.652 | 69,48% | 75,09% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 16.500.000 | 14.420.763 | 13.308.702 | 80,66% | 92,29% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 4.000.000 | 1.621.604 | 1.623.078 | 40,58% | 100,09% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 34.000.000 | 12.233.703 | 16.641.927 | 48,95% | 136,03% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 12.000.000 | 6.341.078 | 8.274.191 | 68,95% | 130,49% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 1.500.000 | 615.598 | 583.294 | 38,89% | 94,75% |
| 3 | **717** | **Даноци на специфични услуги (комунални такси и надоместоци)** | **415.195.000** | **78.504.872** | **86.279.448** | **20,78%** | **109,90%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 14.000.000 | 6.179.961 | 7.672.688 | 54,80% | 124,15% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистарција на возилата | 5.000.000 | 2.625.275 | 2.394.650 | 47,89% | 91,22% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 48.140.000 | 26.376.694 | 26.943.716 | 55,97% | 102,15% |
| | 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | 100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деовни простории за вршење на дејност | 550.000 | 68.409 | 78.054 | 14,19% | 114,10% |
| | 717132 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 347.345.000 | 43.254.533 | 49.190.340 | 14,16% | 113,72% |
| | 717140 | Камата за ненавремено плаќање | 60.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 4 | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **350.000** | **34.775** | **145.649** | **41,61%** | **418,83%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Град Скопје | 150.000 | 15.385 | 95.326 | 63,55% | 619,60% |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 200.000 | 19.390 | 50.323 | 25,16% | 259,53% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **7.510.000** | **2.655.270** | **9.418.071** | **125,41%** | **354,69%** |
| 5 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **4.400.000** | **2.011.237** | **3.314.231** | **75,32%** | **164,79%** |
| | 722129 | други парични казни | 1.300.000 | 652.508 | 1.969.399 | 151,49% | 301,82% |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 3.000.000 | 1.357.349 | 1.341.952 | 44,73% | 98,87% |
| | 722316 | Други локални такси | 100.000 | 1.380 | 2.880 | 2,88% | 0,00% |
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **110.000** | **914** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 723914 | Приходи од закупнина на општествен имот | 10.000 | 914 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни набавки) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **3.000.000** | **643.119** | **6.103.840** | **203,46%** | **949,10%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 3.000.000 | 643.119 | 6.103.840 | 203,46% | 949,10% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **136.600.000** | **9.893.520** | **24.552.548** | **17,97%** | **248,17%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **136.600.000** | **9.893.520** | **24.552.548** | **17,97%** | **248,17%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на недвижности на Р.М. | 50.000 | 15.585 | 15.550 | 31,10% | 99,78% |
| | 733115 | Приходи од закуп на земјодел. Земјиште во сопственост на државата | 500.000 | 278.301 | 583.678 | 116,74% | 209,73% |
| | 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 250.000 | 133.572 | 1.716 | 0,69% | 1,28% |
| | 733120 | Надомест за концесии за експоатација на минерални суровини по основа на експлоатиранаминерална суровина | 1.000.000 | 419.381 | 738.011 | 73,80% | 175,98% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 1.800.000 | 833.640 | 833.640 | 46,31% | 100,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 53.000.000 | 2.561.426 | 16.450.158 | 31,04% | 642,23% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 80.000.000 | 5.651.615 | 5.929.795 | 7,41% | 104,92% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **94.910.000** | **98.371.623** | **28.241.499** | **29,76%** | **28,71%** |
| 10 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **94.910.000** | **98.371.623** | **28.241.499** | **29,76%** | **28,71%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 500.000 | | 112.906 | 22,58% | 0,00% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 6.500.000 | 5.783.460 | 5.783.460 | 88,98% | 100,00% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 5.701.847 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 25.000.000 | 18.964.995 | 19.965.924 | 79,86% | 105,28% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 62.910.000 | 67.921.321 | 2.379.209 | 3,78% | 3,50% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **388.000.000** | **260.362.497** | **273.360.807** | **70,45%** | **104,99%** |
| 11 | **725** | **Други неданочни приходи** | **0** | **0** | **34.810** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 725939 | Други неданочни приходи | 0 | 0 | 34.810 | 0,00% | 0,00% |
| 12 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **388.000.000** | **260.362.497** | **273.325.997** | **70,44%** | **104,98%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од образованието | 302.000.000 | 206.400.000 | 212.600.000 | 70,40% | 103,00% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од социјална заштита | 86.000.000 | 53.962.497 | 60.725.997 | 70,61% | 112,53% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **16.180.000** | **14.786.058** | **4.062.834** | **25,11%** | **27,48%** |
| 13 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **7.470.802** | **2.730.189** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 7.470.802 | 2.730.189 | 0,00% | 36,54% |
| 14 | **742** | **Донации од странство** | **4.380.000** | **4.915.256** | **1.332.645** | **30,43%** | **27,11%** |
| | 742114 | Приходи од Европска унија | 1.360.000 | 4.723.533 | 949.746 | 69,83% | 20,11% |
| | 742115 | Приходи од европските држави | 0 | 0 | 205.084 | 0,00% | 0,00% |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 3.020.000 | 191.723 | 177.815 | 5,89% | 92,75% |
| 15 | **743** | **Капитални донации** | **5.500.000** | **2.400.000** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | капитални донации | 5.500.000 | 2.400.000 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 16 | **744** | **Тековни донации** | **6.300.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 600.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 744311 | други тековни донации | 5.700.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **45.000.000** | **19.867.267** | **22.031.512** | **48,96%** | **110,89%** |
| 17 | **721** | **Приходи од имот** | **0** | **1.088** | **7.375** | **0,00%** | **677,85%** |
| | 721111 | Вишок на оперативна готовина од дополнителни активности на единките | 0 | 1.088 | 4.395 | 0,00% | 403,95% |
| | 721311 | Камата од депозити од комерцијални банки | 0 | 0 | 2.980 | 0,00% | 0,00% |
| 18 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **0** | **27.850** | **12.066** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 722111 | Глоби од сообраќајни прекршоци | 0 | 27.850 | 12.066 | 0,00% | 43,32% |
| 19 | **723** | **Такси и надоместоци** | **44.500.000** | **19.701.958** | **21.938.367** | **49,30%** | **111,35%** |
| | 723011 | Такси за диплома и сертификат | 0 | 0 | 1.490 | 0,00% | 0,00% |
| | 723111 | Целодневна и претшколска грижа | 0 | 0 | 18.115.917 | 0,00% | 0,00% |
| | 723114 | Станарини во ученички и студентски домови | 0 | 0 | 1.448 | 0,00% | 0,00% |
| | 723116 | Надомест од оброци во училишта, градинки и други институции | 44.500.000 | 19.701.958 | 1.600 | 0,00% | 0,01% |
| | 723119 | Други помошни активности во образование | 0 | 0 | 325.179 | 0,00% | 0,00% |
| | 723311 | Приходи остварени од надомест за слетување - лендинг | 0 | 0 | 2.896 | 0,00% | 0,00% |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 0 | 0 | 3.489.837 | 0,00% | 0,00% |
| 20 | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **1.833** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724111 | Приходи од земјоделски услуги | 0 | 1.833 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 21 | **725** | **Други неданочни приходи** | **500.000** | **134.538** | **73.704** | **14,74%** | **54,78%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 500.000 | 134.538 | 73.704 | 14,74% | 54,78% |
| | | **ВКУПНО ПРИЛИВ ОД КРЕДИТИ** | **47.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 22 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **47.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | 0,00% |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 47.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-септември 2018 година се остварени во износ од **224.019.206,00** денари или **29,00%,** што представува пониско остварување во однос на истиот период во 2017 година за 24,98%.

Остварување на приходите на **Основниот буџет** по одделни видови на приходи на ниво на ставки во однос на планираните со Буџетот за 2018 година и во однос на истиот период од предходната фискалана година бележиме кај :

- Приходите од **данокот на доход од добивка и од капитални добивки**, се остварени во износ од **11.785.321,00** денари, со индекс од **62,52%** во однос на планираните за 2018 година, а споредбено со истиот период од 2017 година, постои зголемување од 5,61%.
- Приходите од **даноците на имот**, кои се остварени во износ од **63.596.670,00** денари, и индекс од **64,14%,** во однос на планираните 99.150.000,00 денари за 2018 година. Споредбено со истиот период од предходната фискална година, бележиме повисока наплата од 1,17%.
- Приходите од **данокот на специфични услуги,** бележат остварување во износ од **86.279.448,00** денари, или **20,78%** во однос на планираните 415.195.000,00 денари за 2018 година. Споредбено со истиот период од 2017 година, постои зголемување од 9,90%.
- Приходите од **такси за користење или дозволи за вршење на дејност,** изнесуваат **145.649,00** денари или **41,61%** во однос планираните 350.000,00 денари за 2018 година. Споредбено со истиот период од 2017 година, постои зголемување од 318,83%.
- Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **3.314.231,00** денари или **75,32%** во однос планираните 4.400.000,00 денари за 2018 година. Споредбено со истиот период од 2017 година, постои зголемување од 64,79%.
- Кај приходите од **такси и надоместоци** не се бележи остварување во рамки на третиот квартал за 2018 година
- Кај приходите од **други владини услуги** немаме реализација
- Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **6.103.840,00** денари односно **203,46%** во однос на планираните 3.000.000,00 денари. Споредбено со истиот период од 2017 година, постои зголемување од 849,10%.
- **Капиталните приходи односно приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања,** се остварени во износ од **24.552.548,00** денари, со индекс од **17,97%** во однос на планираните 136.600.000,00 денари за 2018 година, и бележат зголемување од 148,17% во однос на истиот период од предходната година.
- **Трансфери од други нивоа на власт,** се остварени во вкупен износ од **28.241.499,00** денари со индекс од **29,76%** во однос на планираните 94.910.000,00 денари, каде бележиме намалување на приходите од 71,29%, пред се поради пониските приходи од капиталните трансфери од други нивоа на власт.

За периодот јануари-септември 2018 година во делот на приходите од **блок дотации** наменети за финансирање на основните училишта и детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **273.360.807,00**денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување **од 70,45%** во однос на планираните за 2018 година и во однос на истиот период од 2017 година бележат зглемување од 4,99%.

Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување од **4.062.834,00** денари или **25,11%**во однос на планот кој изнесува 16.180.000,00 денари и во однос на истиот период од 2017 година бележат намалување од 72,52%

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, кои се дополнителни приходи на единките буџетските корисници за финансирање на основните активности, бележиме остварување во износ од **22.031.512,00** денари или **48,96%** во однос на планираните кои за 2018 година изнесуваат 45.000.000,00 денари и во однос на истиот период од 2017 година бележат зголемување од 10,89%.

Кај **Приливот од кредити** не бележиме остварување. Во Буџетот за 2018 година согласно развојната програма по овој основ и за оваа буџетска година се планирани приходи во износ од 47.000.000,00 денари, со користењето на кредитот од Светската банка од проектот МСИП2 чија реализација треба да се оствари преку подзаем од Министерство за финансии на Р. Македонија за изградбата на фекална канализација во Јурумлери.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-септември 2018 година, и нивна споредба со планираните приходи во Буџетот за 2018 година, класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Извор: Општина Гази Баба

## 2.РАСХОДИ

